МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул. „ Бул. Гоце Делчев" б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 132 став (1) алинеи 9 и 10 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), член 60 став (1) алинеи 9 и 10 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 година и бр. 01-4979/3 од 13.11.2020 година и член 5 став (15) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година, директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр 04-5209/6
24 12 2020 год
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за избор на кандидат по интерен оглас број 06/2020 за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги и помошно технички лица во ЈРП Македонска радио телевизија

1. За работното место **ИНФ 03 04 А04 002 – Уредник-водител во Дневна редакција, Информативна програма на Прв прогамски сервис на МТВ** се избира **Кристина Талевска Големтеова**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По објавениот интерен оглас број 06/2020 објавен на огласна табла и на веб страната на ЈРП Македонската радио телевизија на 24.11.2020 година за унапредување на 1 (еден) давател на јавни услуги и помошно – технички лица во ЈРП Македонска радио телевизија, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на директорот на МРТ со Одлука бр. 04-5209/2 од 25.11.2020 година, направи административна селекција и состави Записник за административна селекција бр.04-5209/3 од 16.12.2020 година, по што во понатамошната постапка согласно Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година, Комисијата одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно законот и Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радио телевизија и состави Записник за спроведување на интервју бр.04-5209/4 од 18.12.2020 година. Врз основа на освоените бодови од интервјуто Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати со предлог Одлука за избор на прворангираниот кандидат бр.04-5209/5 од 21.12.2020 година. Врз основа на ранг листата, директорот на ЈРП Македонска радио телевизија донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ б.б., 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

По конечноста на оваа одлука, ќе се склучи анекс на договор со **Кристина Талевска Големтеова** за Уредник-водител во Дневна редакција, Информативна програма на Прв прогамски сервис на МТВ .

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на приговор до Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ
Марјан Цветковски

Доставено до:

- Избраниот кандидат
-Одделението за човечки ресурси
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива